‘

Врз основа на член 17 став 2 и став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18,198/18,143/19, 14/20,215/21,99/22,159/22,225/24 и 242/24),Правилникот за систематизација на работните места во КЈП Нискоградба Битола бр.01-810/1 од 23.09.2015 година и измените и дополнувањата на Правилникот бр.01-810/1-1 0д 24.06.2016 година, бр.01-810/1-2 од 09.05.2017 година, бр.01-810/1-3 од 19.07.2017 година, бр.01-810/1-4 од 10.05.2018 година, бр.01-810/1-5 од 06.09.2018 година, бр.01-810/1-6 од 01.10.2018 година, бр.01-810/1-7 од 26.11.2019 година, бр. 01-810/1 од 13.02.2021, бр. 01-810/1 од 02.03.2023, бр.01-810/1 од 11.08.2023, 01-810/1 од 03.11.2023 година,01-810/1 од 19.12.2023 и 01-810/1 од 14.01.2025 а согласно Одлуката на Управниот одбор на КЈП Нискоградба Битола бр.02-910/4 од 31.08.2026 година, ВД Директорот на КЈП Нискоградба Битола донесе

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ
на
П Р А В И Л Н И К
за систематизација на работни места во КЈП Нискоградба Битола

I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број работни места, со број на извршители на (административни службеници, даватели на услуги и помошно- технички персонал),називот и описот на работните места, распоредени по организациони единици, посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места, согласно Правилникот за внатрешна организација на КЈП Нискоградба Битола бр.01-809/1 од 23.09.2015 година.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во КЈП Нискоградба Битола се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во КЈП Нискоградба Битола.

Член 4

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во КЈП Нискоградба Битола е составен дел на овој правилник.

II РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 5

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно **31 работни места** на административните службеници, со вкупно **40 извршители** распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на КЈП Нискоградба Битола бр.01-809/1 од 23.09.2015 година.

Член 6

Работните места од членот 5 на овој правилник се распоредени на следниот начин:

- Ниво Б1- 1 (еден) извршители
- Ниво Б2 - 2 (два) извршители
- Ниво Б3 - /
- Ниво Б4 - 4 (четири) извршители
- Ниво В1- 9 (девет) извршители
- Ниво В2- 1 (еден) извршители
- Ниво В3- 4 (четири) извршители
- Ниво В4 - 3 (три) извршители
- Ниво Г1 - 2 (два) извршители
- Ниво Г2- /
- Ниво Г3 - 14 (четиринаесет) извршители
- Ниво Г4 - /

Член 7

Општи услови утврдени со Законот за административните службеници и колективен договор за административните службеници се,

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 8

(1) Посебни услови утврдени со закон за раководните административни службеници од категоријата Б се:

Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

– Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и положен испит за административно управување.

--Работно искуство, и тоа:

- за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор

- за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или

- за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

(2) Потребни општи работни компетенции на напредно ниво:

-учење и развој;
-комуникација;
-остварување резултати;
-работење со други/тимска работа;
-стратешка свест;
-ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
-финансиско управување.

Член 9

(1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:

- стручни квалификации, и тоа:

-за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и

-за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

– Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

- Работно искуство, и тоа:
  - -за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - -за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - -за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - -за нивото В4 со или без работно искуство во струката;.

(2) Потребни општи работни компетенции на средно ниво:

-решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
-учење и развој;
-комуникација;
-остварување резултати;

-работење со други/тимска работа;
-стратешка свест;
-ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
-финансиско управување.

Член 10

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници – за помошно стручни административни службеници од категоријата Г се:

-ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.

– Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

-Работно искуство, и тоа:
-за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
-за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
-за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката или
-за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;

(2) Потребни општи работни компетенции на основно ниво:
-учење и развој;
-комуникација;
- остварување резултати;
-работење со други/тимска работа;
-ориентираност кон странките/засегнати страни; и
-финансиско управување.

3.РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ

Член 11

Во КЈП Нискоградба Битола се систематизираат **31 работни места** на даватели на услуги, со вкупно **130 извршители** во комуналните услуги распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на КЈП Нискоградба Битола, бр.01-809/1 од 23.09.2015 година.

Член 12

Работните места на давателите на услуги од членот 11 на овој правилник се распоредени на следниот начин:(категорија)

- Ниво А1- 2 (два) извршители
- Ниво А2- /
- Ниво А3- 2 (два) извршители
- Ниво А4- 3 (три) извршители
- Ниво Б1- 5 (пет) извршители
- Ниво Б2- 36 (триесетишест) извршители
- Ниво Б3 - 25 (дваесетипет) извршители
- Ниво Б4- 1 (еден) извршители
- Ниво В1- 52 (педесетидва) извршители
- Ниво В2- 4 (четири) извршители

Член.13

Општите услови утврдени со Законот за јавни претпријатија за давателите на услуги во областа на комуналните дејности се:

-да е државјанин на Република Северна Македонија,

-активно да го користи македонскиот јазик

-да е полнолетен

-да има општа здравствена способност за работното место

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

Чл.14

(1) Посебните услови утврдени со Законот за јавни претпријатија за давателите на услуги од категоријата А се:

- Најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- работно искуство и тоа,

-за нивото А1 најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,

-за нивото А2 најмалку три години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку пет години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,

-за нивото А3 и А4 најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор,

– активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

– други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

Чл.15

- **Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за давателите на услуги во областа на комуналните дејности во КЈП Нискоградба Битола од категоријата Б се:**

-За нивото Б1 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI степен,
-За нивоата Б2, Б3 и Б4 стекнати најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование.
-работно искуство и тоа:
-за нивото Б1 најмалку три години работно искуство во струката
-за нивото Б2 најмалку две години работно искуство во струката
-за нивото Б3 најмалку една година работно искуство во струката
-за нивото Б4 со или без работно искуство во струката
-Други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места на работни места за соодветното работно место.

Чл.16

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за давателите на услуги во областа на комуналните дејности во КЈП Нискоградба Битола од категоријата В се

-за сите нивоа најмалку ниво на квалификации 1 или основно образование;

-Работно искуство и тоа:

-за нивото В1 најмалку една година работно искуство во струката
-за нивото В2 со или без работно искуствово струката

4.РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

Чл.17

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно **8 работни места** со вкупно 13 **извршители** на помошно-технички лица.распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на КЈП Нискоградба Битола, бр.01-809/1 од 23.09.2015 година.

Чл.18

Работните места од членот 17 на овој правилник се распоредени на следниот начин;

(одржување на објекти и опрема)

-ниво А1 помошно-технички лица од прво ниво - 1 (еден) извршител

-ниво А2 помошно-технички лица од второ ниво- 7 (седум) извршители
-ниво А3 помошно-технички лица од трето ниво- 2 (два) извршители

(обезбедување на објекти и опрема)

-ниво А1 помошно-технички лица од прво ниво - /
-ниво А2 помошно-технички лица од второ ниво- /
-ниво А3 помошно-технички лица од трето ниво- /

(превоз на лица и опрема)

-ниво А1 помошно-технички лица од прво ниво- /

-ниво А2 помошно-технички лица од второ ниво- /
-ниво А3 помошно-технички лица од второ ниво- /

(други помошно-технички лица)

-ниво А1 помошно-технички лица од прво ниво- /

-ниво А2 помошно-технички лица од второ ниво- 3 (три) извршители
-ниво А3 помошно-технички лица од трето ниво- /

Чл.19

Општи услови утврдени со Законот за јавни претпријатија за помошно техничките лица во областа на комуналните дејности се:

-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место

Чл.20

(1)Посебни услови утврдени со Законот за јавни претпријатија за помошно-техничките лица во областа на комуналните дејности од категоријата А се:

-помошно-технички лица од прво ниво (А1), со најмалку ниво на квалификации 4, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование

-помошно-технички лица од второ ниво (А2), со најмалку ниво на квалификации 3, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование и

-помошно-технички лица од трето ниво (А3) со најмалку ниво на квалификации 1 или основно образование

Вработените во Јавното претпријатие кои вршат помошно технички работи со кои се овозможува непречено функционирање на јавното претпријатие имаат статус на помошно технички лица и за нивниот работен однос се применуваат одредбите од Законот за вработени во јавен сектор и општите прописи за работни односи.

Звањата за помошно техничките лица од трето ниво на член подетално ги пропишува Директорот ја јавното претпријатие во Актот за систематизација на работни места согласно со спецификите на дејноста која ја извршува јавното претпријатие.

5.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО КЈП Нискоградба БИТОЛА

Сектор	
Одделение/Оддел	
Реден број	**2**
Шифра	КДР 01 02 Б01 002
Ниво	Б01
Звање	Помошник директор
Назив на работно место	Помошник директор за финансиско правни работи во КЈП Нискоградба Битола
Број на извршители	1
Одговара пред	Директорот
Вид на образование	Економски науки , правни науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	-Помошник директорот со својата работа обезбедува ефикасно и ефективно работење на ЈП, обезбедува реализирање на целокупната програма за работа како и координирање на сите работи на Секторите
Работни задачи и обврски	-Ја организира и обединува целокупната работа во рамките на финансиската и правната структура на ниво на КП; -ги координира работите помеѓу раководителите на Секторите и ги дефинира приоритетите за работа; -ја контролира работата на двата сектори -учествува во изготвувањето на планот и нормите за работа и надградувањето; -дава мислења и анализи во врска со работата на секторите, иницијативи за решавање на одделни прашања.

Сектор	
Одделение/Оддел	
Реден број	**5**
Реден број и Шифра	КДР 03 05 А01 039
Ниво	А01
Звање	Помошник директор
Назив на работно место	Помошник директор за технички работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Директорот
Вид на образование	Градежништво и водостопанство, архитектура, урбанизам и планирање
Други посебни услови	
Работни цели	Обезбедува ефикасно и ефективно работење на претпријатието и реализација на програмата за работа
Работни задачи и обврски	-Го организира и спроведува тековното одржување и изградба на канализации,улици и патишта, -Го организира и спроведува работењето на Одделот за припрема,планирање,проектирање и развој на претпријатието, -Се ангажира во операционализирањето на дневните задачи во Секторите на претпријатието, -Ги реализира месечните и годишните планови, -Се грижи за реализација на Програмата за зимска служба, -одржува контакти со инвеститорите и надзорните органи, - Контактира со органите на локалната самоуправа за проблемите од комуналната сфера и ги спроведува нивните одлуки заклучоци кои се однесуваат на претпријатието,

СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

1.Сектор	**Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси**
Одделение/Оддел	
Реден број и Шифра	**6**
Шифра	КДР 01 02 Б02 049
Ниво	Б02
Звање	Раководител на Сектор
Назив на работно место	Раководител на Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор и Помошник директор за финансиско правни работи и директорот на претпријатието
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Обезбедува ефикасно работење на Секторот за кадрови, општи и правни работи
Работни задачи и обврски	- Раководи со одделението за општи и правни работи и човечки ресурси - Раководи,ги организира и координира целокупните општи и правни работи и човечки ресурси - Дава упатства за работа на вработените во одделенијата во рамките на секторот согласно законите - Предлага измени на Статутот и другите општи акти - Дава оцена и мислење за извршените работи од страна на одделенијата како и извршените работи поединечно од секој извршител согласно законот - Раководи и организира работењето на лица вработени за обезбедување на објекти и опрема во претпријатието - Се грижи и организира нормално функционирање на претпријатието пред судовите и другите органи, а по потреба го застапува истото по дадено овластување - Соработува со советникот за безбедност при работа - Раководи со одделението за јавни набавки - Го организира спроведувањето на планот за јавни набавки на претпријатието - Се грижи за законитоста во спроведувањето на ЗЈН и другите законски акти - изготвува извештаи за работењето на Секторот

1.Сектор	**Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси**
1.1.Одделение/Оддел	**Одделение за општи и правни работи и човечки ресурси**
Реден број	**7**
Шифра	КДР 01 02 Б04 017
Ниво	Б04
Звање	Раководител
Назив на работно место	Раководител на Одделените за општи и правни работи и човечки ресурси
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор и Раководител на Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Организација на работата на оддлението
Работни задачи и обврски	-ја организира целокупната работа во одделението -ги следи и проучува законите и другите прописи и општи акти неопходни за непречено и законско работење на претпријатието -припрема измена на Статут и други општи акти -помага при изготвување на материјали за управните органи на претпријатието -управува со човечките ресурси и кадровските работи - предлага оценка на работниот ефект, награди и казни -го застапува претпријатието пред судовите по претходно овластување -составува барања за извршување по правосилни и извршни исправи -ја следи постапката пред нотарите и извршителите - изготвува наредби со посебни задолженија во соработка со секторот - го организира и усогласува архивското работење во претпријатието --спроведува постапка околу распишување и спроведување на конкурси и огласи -соработува со советникот за безбедност при работа -изготвува извештај за работата на одделението

1.Сектор	**Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси**
1.1. Одделение/Оддел	**Одделение за општи и правни работи и човечки ресурси**
Реден број	**8**
Шифра	КДР 01 02 В01 035
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за застапување
Број на извршители	2
Одговара пред	Директор, Раководител на Сектор и Раководител на Одделение
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Застапување на КЈП во правните работи
Работни задачи и обврски	-ги следи и проучува законите и другите прописи и општи акти неопходни за непречено и законско работење на претпријатието -го застапува претпријатието пред судовите по претходно овластување -изготвува тужби за правни и физички лица и го застапува претпријатието во судска постапка по истите -составува поднесоци,жалби, приговори, предлози и договори -составува барања за извршување по правосилни и извршни исправи -ја следи постапката пред нотарите и извршителите -во соработка со раководителот на Секторот за општи и правни работи и човечки ресурси и учествува во изготвување наредби со посебни задолженија -учествува во изработка на актите во претпријатието --спроведува постапка околу распишување и спроведување на конкурси и огласи

1.Сектор	Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси
1.2.Одделение/Оддел	Одделение за општи и правни работи и човечки ресурси
Реден број	8-а
Шифра	КДР 01 02 В03 012
Ниво	В03
Звање	Соработник
Назив на работно место	Соработник за застапување
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор, Пом. директор за финансиско правни работи Раководител на Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси и Раководител на одделение за општи и правни работи и човечки ресурси
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Застапување на КЈП во правни работи пред судови и други органи
Работни задачи и обврски	-ги следи и проучува законите и другите прописи и општи акти неопходни за непречено и законско работење на претпријатието -го застапува претпријатието пред судовите по претходно овластување -изготвува тужби за правни и физички лица и го застапува претпријатието во судска постапка по истите -составува поднесоци,жалби, приговори, предлози и договори -составува барања за извршување по правосилни и извршни исправи -ја следи постапката пред нотарите и извршителите -во соработка со раководителот на Одделението за општи и правни работи и човечки ресурси учествува во изготвување наредби со посебни задолженија -учествува во изработка на актите во претпријатието -спроведува постапка околу распишување и спроведување на конкурси и огласи

1.Сектор	**Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси**
1.1.Одделение/Оддел	**Одделение за општи и правни работи и човечки ресурси**
Реден број	**11**
Шифра	КДР 01 02 В01 054
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за човечки ресурси
Број на извршители	2
Одговара пред	Директор, Раководител на Сектор и Раководител на одделение
Вид на образование	Правни науки, индустриско инженерство и менаџмент, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	**У**правува со човечките ресурси и се во врска со кадровските работи
Работни задачи и обврски	-врши работи од управувањето со човечките ресурси -изготвува поединечни акти со кои се остваруваат правата на работниците -изготвува решенија за остварување право на вработен, издава решение за работно место,годишен одмор,врши пријавување и одјавување на работниците -врши целокупна документација за пензионирање,здравствено осигурување -води кадровска евиденција во матична книга и објавува потреба од нови вработувања по налог на директорот. -води сметка за вработените лица со бенефициран работен стаж и ги евидентира настанатите промени. -редовно ги средува и комплетира работните досиеја на вработените -води евиденција за оценката на работниот ефект, наградите и казните -го изготвува планот за вработување -ги прати сите промени на системот за ИО во областа на човечките ресурси и ги доставува сите потребни информации до истиот -изготвува план за работа на лицата вработени за обезбедување објекти и опрема -дава податоци за работа на вработените (одмори,боледувања,слободни денви и сл.)

1.Сектор	**Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси**
1.1.Одделение/Оддел	**Одделение за општи и правни работи и човечки ресурси**
Реден број	**11 -а**
Шифра	КДР 01 02 В04 042
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за човечки ресурси
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделениеза општи и правни работи и човечки ресурси
Вид на образование	високо образование
Други посебни услови	
Работни цели	Врши работи со човечките ресурси и се во врска со кадровските работи
Работни задачи и обврски	-врши работи од човечките ресурси -учествува во изготвување решенија за остварување право на вработен, издава решение за работно место,годишен одмор,врши пријавување и одјавување на работниците - врши целокупна документација за пензионирање, здравствено осигурување -води сметка за вработените лица со бенефициран работен стаж и ги евидентира настанатите промени. -редовно ги средува и комплетира работните досиеја на вработените -води евиденција за оценката на работниот ефект, наградите и казните -учествува во изготвување на планот за вработување -изготвува план за работа на лицата вработени за обезбедување објекти и опрема -дава податоци за работа на вработените (одмори,боледувања,слободни денови и сл.)

1.Сектор	**Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси**
1.1.Одделение/Оддел	**Одделение за општи и правни работи и човечки ресурси**
Реден број	**12**
Шифра	КДР 01 02 В01 052
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за безбедност при работа
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор, Раководител на Сектор и Раководител на одделение
Вид на образование	Инжињерство и технологии
Други посебни услови	Положен стручен испит за стручно лице за безбедност при работа
Работни цели	Врши стручни работи согласно Законот за безбедност и здравје
Работни задачи и обврски	-врши стручни задачи поврзани со безбедноста при работа согласно Законот за безбедност и здравје при работа -редовно ги прати прописите од областа за заштита при работа и унапредување на заштитата при работа -предлага мерки и заштитни средства за сите работи и работни задачи кои ги обавува -организира и учествува во изведувањето на обуки за заштита на вработените при работа. -води евиденција за сите повреди на работа -врши внатрешен надзор над спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа -изготвува извештаи во врска со превземените активности

1.Сектор	**Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси**
1.1.Одделение/Оддел	**Одделение за општи и правни работи и човечки ресурси**
Реден број	**13**
Шифра	КДР 01 02 Г03 121
Ниво	Г03
Звање	Референт
Назив на работно место	Референт Архивар
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор, Раководител на Сектор и Раководител на одделение
Вид на образование	средно/вишо
Други посебни услови	
Работни цели	Ја врши целокупната архивска работа
Работни задачи и обврски	-ја прима, ја скенира и заведува поштата во деловодниот протокол, во интерните доставни книги и во комјутерската апликација за архивско работење -се грижи за правилно архивирање на целокупната пошта на ЈП според планот на архивските знаци и листите на категории за чување на архивската граѓа и на регистратурниот материјали -учествува во подготовка на планот на архивските знаци и листите на категории за чување на архивската граѓа и на регистратурниот материјал -собира,средува и обработува архивски материјали -води експедициони книги за доверливи книги за доверлива и строго доверлива пошта -одговорен е за чување на печатите, штембилите и нивната правилна употреба

1.Сектор	**Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси**
1.1.Одделение/Оддел	**Одделение за општи и правни работи и човечки ресурси**
Реден број	**14**
Шифра	КДР 01 02 Г03 120
Ниво	Г03
Звање	Референт
Назив на работно место	Референт Технички секретар
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор, Раководител на Сектор и Раководител на одделение
Вид на образование	средно/вишо
Други посебни услови	
Работни цели	Извршува организационо-технички работи во врска со приемот на пошта и странки кај директорот
Работни задачи и обврски	-извршува организационо -технички работи во врска со приемот и средување на поштата на директорот и материјалите за потребите на директорот -извршува организационо-технички подготовки и ги закажува состаноците на директорот -ги прима и упатува странките кај директорот -врши прием на телефонски повици за директорот, испраќа и прима телефакс пораки и врши дистрибуција на крајните корисници

1.Сектор	**Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси**
1.1.Одделение/Оддел	**Одделение за општи и правни работи и човечки ресурси**
Реден број	**15**
Шифра	КДР 04 01 А03 005
Ниво	Одржување на објекти и опрема А03
Звање	Хигиеничар
Назив на работно место	Хигиеничар
Број на извршители	2
Одговара пред	Директор, Раководител на Сектор и Раководител на одделение
Вид на образование	Основно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Одржување на хигиената во просториите
Работни задачи и обврски	-Ја одржува чистотата и хигиената на сите работни простории, дворното место и целокупниот инвентар што се наоѓа во нив, - ја одржува хигиената во тоалетите, -Одговара за редовно и квалитетно извршување на работните задачи.

1.Сектор	**Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси**
1.1.Одделение/Оддел	**Одделение за општи и правни работи и човечки ресурси**
Реден број	**16**
Шифра	КДР 04 01 А01 039
Ниво	Одржување на објекти и опрема Ниво А01
Звање	Економ домаќин
Назив на работно место	Економ домаќин
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор, Раководител на Сектор и Раководител на одделение
Вид на образование	Гимназија,Економско,Техничко
Други посебни услови	
Работни цели	Одржување на опремата и надворешниот простор
Работни задачи и обврски	-Се грижи за правилно функционирање на опремата во деловните просторииі, -Ги отстранува сите настанати дефекти во деловните простории, -Врши умножување на материјали за потребите на сите оддели и служби на претпријатието, -Ги одржува просториите во визбениот дел на Управната зграда, -Врши затоплување на просториите во Управната зграда во грејната сезона, -Се грижи за правилно функционирање на системот за парно греење, -Го одржува просторот околу Управната зграда,што подразбира редовна хигиена и одржување на тревната површина и останатото зеленило.

1.Сектор	**Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси**
1.1.Одделение/Оддел	**Одделение за општи и правни работи и човечки ресурси**
Реден број	**18**
Шифра	КДР 04 05 А02 005
Ниво	А02
Звање	Работник во пријавница
Назив на работно место	Работник во пријавница
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор, Раководител на Сектор и Раководител на одделение
Вид на образование	средно
Други посебни услови	
Работни цели	Контрола и евиденција на внатрешни и надворешни лица
Работни задачи и обврски	-Врши контрола при прием (влез) на внатрешни и надворешни лица во објектот и истите ги евидентира, -Врши контрола на движење и задржување на странки и други лица во просториите и објектите на претпријатието, -Постапува организирано во случај на вонредни околности, -Го регулира движењето на пешаци и возила во кругот на објектите и просторите на претпријатието, -Води регистер и евиденција на посетители, -Води книга за дневни настани, -Води книга за примопредавање на должност,

1.Сектор	**Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси**
1.2.Одделение/Оддел	**Одделение за јавни набавки**
Реден број	**19**
Шифра	КДР 01 02 В04 018
Ниво	Б04
Звање	Раководител
Назив на работно место	Раководител на Одделение за јавни набавки
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор и Раководител на Сектор
Вид на образование	Правни науки,економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведува јавни набавки согласно законот
Работни задачи и обврски	-ја организира и координира работата на Одделението за јавни набавки, директно соработува со сите сектори,помошникот на директорот за финансиско правни работи и директорот, -се грижи за спроведување на планот за јавни набавки во претпријатието -изготвува предлози за измена и дополнување на планот за јавни набавки -врши распределба на предметите по соработници и ја контролира извршената работа на истите, -се грижи за експедидивноста и точноста во работата, -контактира со Бирото за јавни набавки, -изготвува извештаи по завршувањето на постапките и ги доставува до другите сектори по потреба, -следи и ја применува законската регулатива од областа на јавните набавки -спроведува постапки за јавни набаки -составува решенија, договори и согласности за јавни набавки -изготвува огласи за јавни набавки и тендерска документација -води евиденција за јавните набавки што се вршат по видови на постапки -врши тековна контрола на цените од фактурите доставени од економските оператори

1.Сектор	**Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси**
1.2.Одделение/Оддел	**Одделение за јавни набавки**
Реден број	**20**
Шифра	КДР 01 02 В03 003
Ниво	В03
Звање	Стручен соработник
Назив на работно место	Стручен соработник за јавни набавки
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор, Раководител на Сектор и Раководител на одделение
Вид на образование	Економски науки,правни науки,менаџмент
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведува јавни набавки согласно законот
Работни задачи и обврски	-следи и ја применува законската регулатива од областа на јавните набавки -спроведува постапки за јавни набаки -составува решенија, договори и согласности за јавни набавки -изготвува огласи за јавни набавки и тендерска документација -го спроведува планот за јавни набавки во претпријатието -предлага измени и дополнување на планот за јавни набавки -води евиденција за јавните набавки што се вршат по видови на постапки -врши тековна контрола на цените од фактурите доставени од економските оператори

1.Сектор	**Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси**
1.2.Одделение/Оддел	**Одделение за јавни набавки**
Реден број	**21**
Шифра	КДР 01 02 В04 008
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за јавни набавки
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор, Раководител на Сектор и Раководител на одделение
Вид на образование	Високо образование
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведува јавни набавки согласно законот
Работни задачи и обврски	-следи и ја применува законската регулатива од областа на јавните набавки -спроведува постапки за јавни набаки -составува решенија, договори и согласности за јавни набавки -изготвува огласи за јавни набавки и тендерска документација -го спроведува планот за јавни набавки во претпријатието -предлага измени и дополнување на планот за јавни набавки -води евиденција за јавните набавки што се вршат по видови на постапки -врши тековна контрола на цените од фактурите доставени од економските оператори

2.Сектор	**Сектор за финансии, и сметководство и комерција**
Одделение/Оддел	
Реден број	**22**
Шифра	КДР 01 02 Б02 048
Ниво	Б02
Звање	Раководител на Секторот
Назив на работно место	Раководител на Секторот за финансии,сметководство и комерција
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор и Помошник директор за финансиско правни работи
Вид на образование	општествени науки/економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Ја организира,координира и насочува работата во стопанско сметководствениот сектор
	-Организирање, насочување и координација на работата . -Распоредување на работата и работните задачи во Секторот. -Врши менторство над останатите административни службеници во Секторот. -Го организира сметководственото работење во претпријатието од прием на фактури од архива до нивно распоредување на сметководството и го следи извршувањето на плановите за работа и развој, изготвувајќи анализи и истите ги доставува на разгледување до управните органи -Организира правилно книжење и користење на средствата на претпријатието -Ги контролира налозите за книжење на доспеаните ануитети, заклучници, фактури за извршени услуги на надворешните купувачи, интерни фактури, трошоци и приходи,пресметаните бруто плати и врши пресметка на даночните обврски -Евиденција на целокупната документација, изготвување на заклучни листови и биланси. -Изготвува завршни сметки и истите ги доставува на разгледување на Управните органи. -Учествува во изготвувањето на финансиските годишни планови и извештаи по завршни сметки. -Се грижи за ажурно водење на сметководството и плаќањата во претпријатието -Следење и примена на законската регулатива од областа на сметководството и финансии.

2.Сектор	**Сектор за финансии, и сметководство и комерција**
2.1.Одделение/Оддел	**Одделение за финансиски и сметководствени работи**
Реден број	**23**
Шифра	КДР 01 02 Б04 112
Ниво	Б04
Звање	Раководител на Одделение
Назив на работно место	Раководител на Одделение за финансиско сметководствени работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор и Раководител на Сектор
Вид на образование	општествени науки/економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Ја организира, координира и насочува работата во Одделението за финансиско сметководствените работи
Работни задачи и обврски	-Раководи со Одделението и ја организира целокупната работа, -Ја распоредува работата и работните задачи во одделението, -Организира правилно книжење и користење на средствата во претпријатието, -Ги контролира налозите за книжење на достасаните ануитети, заклучници,фактури за извршени услуги за надворешни купувачи, фактури за интерна реализација, трошок на суровини и материјали,ситен инвентар, -Ги контролира налозите за книжење на касовите извештаи, пресметаните бруто плати и врши пресметки на даночните обврски, -Ги контролира и сите останати документи кои предизвикуваат промени на средствата и нивните извори во претпријатието, -Организира контрола на исправноста на фактурите доставени врз основа на склучени договори за јавни набавки и нивна усогласеност со испратниците, односно работните налози и порачки, -Се грижи за навремено и правилно спроведување на годишните пописи, а по потреба и на вонредни пописи, -Заедно со раководителот на Секторот изготвува периодични и годишни сметки и ги доставува до Централниот регистар на РМ во определениот рок, -Одговорен е за правилна примена на Законот за сметководство и другите законски прописи од делокругот на работата,

2.Сектор	**Сектор за финансии, и сметководство и комерција**
2.1.Одделение/Оддел	**Одделение за финансиски и сметководствени работи**
Реден број	**24**
Шифра	КДР 01 02 В01 032
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за финансиска оператива
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор, Раководител на Сектор и Раководител на одделение
Вид на образование	општествени науки/економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Наплата на побарувањата и исплата на обврските
Работни задачи и обврски	-Го прати секојдневниот прилив на финансиски средства -Изготвува налози за исплата на обврските -Се грижи и одговара за извршена наплата на побарувањата како и за плаќањето на обврските во претпријатието -Должен е да ги познава и прати финансиските прописи -Врши пресметка на камати за задоцнето плаќање и на сите камати за кои ќе се јави потреба -Соработува со Секторот за кадрови,правни и општи работи за спорните предмети по утужени каматни листи и дава налози за тужење на каматни листи -Води евиденција на целокупната документација -Се грижи за ажурно водење на сметководството и плаќањата во претпријатието -врши проверка на исправноста на фактурите доставени врз основа на склучени договори за јавни набавки и нивна усогласеност со испратниците, односно работните налози и порачки -Ја следи и применува законската регулатива од областа на сметководството и финансиите

2.Сектор	**Сектор за финансии, и сметководство и комерција**
2.1.Одделение/Оддел	**Одделение за финансиски и сметководствени работи**
Реден број	**25**
Шифра	КДР 01 02 В01 033
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за план и анализа
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор, Раководител на Сектор и Раководител на одделение
Вид на образование	општествени науки/економија и бизнис
Други посебни услови	
